Саша КАТАЛИНИЌ 316.647.5-054:37(497.7)

# ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ ЗА ПОЈАВА НА МЕЃУЕТНИЧКА НЕТОЛЕРАНЦИЈА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


## АПСТРАКТ

Мотивите за истражувањето на факторите кои влијаат врз појавата на меѓуетничка нетолеранција во Македонија произлегуваат од секојдневието, односно, постојаното актуелизирање на меѓуетничката нетолеранција од страна на медиумите, посебно заради се позачестените физички насилства меѓу учениците од средните училишта со мешан етнички состав, во неколку градови од Републикава. Сегрегацијата по етничка основа се забележува во се позачестената желба на учениците да учат во посебни училишта и според различна наставна програма.

Како општ заклучок од истражувањето преовладува сознанието дека меѓуетничката нетолеранција помеѓу албанските и македонските ученици е директно поттикната од политизацијата на македонското општество која се јавува како резултат на големите општествени промени; веќе постоечките предрасуди и културни разлики кои ги имаат учениците едни спрема други како и слабата комуникација меѓу родителите и нивните деца допринесува за се пониска социјална контрола која учениците најчесто ја манифестираат преку нетолеранција, физички и вербални пресметки во нивните средни училишта.


Еден од најсериозните предизвици во едно мултиетничко општество претставува вклучувањето на етничките групи во главните текови на политичкиот, економскиот и културниот живот. Притоа, голема важност им се придава на интергрупните односи, кои најчесто претставуваат однос помеѓу доминантната етничка група и малцинските етнички групи кои живеат на иста територија. Земајќи го во предвид македонското општество во овој период, најважните конфликти беа оние од етничка природа, токму заради доминацијата на двете најголеми етнички групи, Македонци и Албанци. За среќа, овие конфликти не беа секогаш ситуации на отворени судири, туку беа изразени преку очигледната нетолеранција меѓу етничките Македонци и етничките Албанци, или поточно, меѓу македонската нација и албанското етничко малцинство во државава. Како последица на промените на општеството се интензивираше групната

идентификација исклучиво врз етничка основа, а македонското општество од фаза на интеграција премина во фаза на дезинтеграција. Етничките разлики станаа фактор на конфронтации и длабоко разединување меѓу групите.

Во почетокот на месец март 2009 година, во дневниот печат излезе коментар со наслов ***Во Струга се учи поделено***. Самиот наслов укажува дека станува збор за поделба на учениците во средните училишта со мешан етнички состав, за потоа да следува воведувањето на етнички смени во струшкото средно училиште „Нико Нестор". Меѓутоа, овој коментар од дневниот печат како да не беше доволен предзнак за тоа што следува, земајќи во предвид дека во истиот месец се одржуваа градоначалничките и претседателските избори. Само неколку дена подоцна, ударна вест на сите медиуми во Р. Македонија беше масовната меѓуетничка физичка пресметка во средното училиште „Ибраим Темо", во која учествувале повеќе од 60 македонски и албански ученици.

Во текот на ова истражување, неопходно беше да се разгледаат неколку теории кои се тесно поврзани со концептот на меѓуетничката нетолеранција, односно, на индиректен начин да се појасни што претставува меѓуетничката нетолеранција, да се наведат условите во кои таа се јавува и да се посочи на етничките конфликти како резултат кој произлегува од нетолеранцијата. Имено, станува збор за **теоријата на контакт** ***(хипотезата)***, **теоријата на социјална контрола**, и неколку **теории на етничкиот конфликт** од различни автори.

Основната идеја на **хипотезата на теоријата за контакт** според Олпорт е дека нетолеранцијата меѓу групите е поттикната од нивната поделба како и од недоволното меѓусебно познавање. Но, кога би постоеле *вистинските услови*, контактот меѓу членовите од различните групи би ја намали нетолеранцијата и би овозможил да се промовираат позитивните интергрупни ставови. Секој од овие услови е изведен како резултат на истражувањата за расната дискриминација и интергрупниот контакт спроведени во САД, врз кои се заснова и оваа хипотеза за контакт. Теоретските претпоставки укажуваат на тоа дека контактот меѓу групите дава можност за позитивни искуства со членовите на другите групи, и како резултат се добиваат нови и точни информации за другите членови со кои се намалуваат претходните негативни ставови или целосно се менуваат ставовите и верувањата за групата во целост.

**Теоријата на општествената контрола** укажува дека насилството настанува како резултат на нетолеранцијата и најчесто се јавува кога врската на поединецот со општеството е слаба или прекината. Нејзиниот претставник, Херши, тврди дека

поединците или групите за да станат насилни потребно е отсуство на социјална контрола кое им дава чувство на слобода во дејствувањето.

Според претставниците на **конфликтната теорија**, општествениот конфликт се јавува како краен резултат на нетолеранцијата. Конфликтот произлегува од високото ниво на нетолеранција, односно, негирање на потребите на подредената етницка група од страна на онаа група која управува со државата. Еден од најзначајните претставници на конфликтната теорија е Доналд Хоровиц. Тој укажува дека во длабоко поделените општества, меѓуетничката (не)толеранција влијае врз семејниот и општествениот живот како од политички така и од економски аспект. Како најважен фактор ја посочува нетолеранцијата меѓу етничките групи која, според Хоровиц, произлегува од меѓусебната споредба т.е. луѓето ја проценуваат способноста на групата и нивната вредност која е релативна за другите групи. Идентитетот на групата е често најважен за идентитетот на поединецот, и самовреднувањето и самодовербата кај членовите на групата е под силно влијание од споредбата на нивната група со другите.

Факт е дека недоволното познавање и слабата комуникација меѓу албанската и македонската популација доведува до зголемени интергрупни предрасуди. Новите трендови и начини на општествено живеење го променија традиционалното македонско семејство, а со тоа ја намалија социјалната контрола која видно резултира со зголемена нетолеранција и меѓусебно физичко насилство особено меѓу средношколците кои учат во училиштата со мешан етнички состав. Истовремено, се поголемата политизација во Р. Македонија допринесе политичките партии да имаат големо влијание врз (не)толеранцијата меѓу етничките групи и градењето на заеднички соживот. Според ова, степенот на (не)толеранцијата е битна компонента за воспоставување на контакт мегу групите како и основа за одрзување на нивната социјална контрола од која најмногу зависи појавата на конфликтот.

Во Република Македонија, целокупното образование, посебно училиштата во кои учат ученици од мешан етнички состав се засегнати со изнаоѓање на одговор и превенција за се поголемото зголемување на нетолеранцијата помеѓу учениците која најчесто резултира со физички пресметки. Поради тоа, неопходно е да се даде објаснување за некои причини кои доведуваат до појава, ја поттикнуваат или ја пренесуваат меѓуетничката нетолеранција меѓу учениците од средните училишта со мешан етнички состав.

Една од главните причини за појава на меѓуетничка нетолеранција и физичко насилство помеѓу учениците од средните училишта веројатно е политичката трансформација која во Р. Македонија трае многу долг период. Масовната политизација на сите општествени процеси стана вообичаена појава, а воедно не ги изостави и оние кои се се уште во училишните клупи. Интересно е да се нагласи дека денеска се поголем е степенот на заинтересираност и познавање на политичките партии и кај овие старосни групи. „Тоа се оние старосни групи кои пред десет години во истражувањата не можеа а набројат ниту една личност од политичката сцена... а денес идоли на овие генерации во поголема мера се имиња на политички и партиски водачи одошто на спортисти или пејачи.” [1]

Македонија е земја во транзиција и поради тоа економскиот и политичкиот систем се подложни на постојани промени. Овие, пак, промени влијаат на системот на вредности кои ги изучува една млада популација, а тоа се учениците. Во реалното секојдневние, постои голема разлика меѓу моменталната политичка или економска состојба и актуелните проблеми, со презентираните вредности кои учениците ги учат во своите учебници. Заради овој факт, доаѓа до вредносна конфузија кај децата. Имено, „наместо дестимулација на потребата од политичка митологија и авторитети со што би се создала атмосфера за слободен независен развој на индивидуата која се социјализира, се менува само предметот, објектот, додека вредносната компонента останува иста.” [2]Значи, образование кое е засновано на митови може исто така да дехуманизира други култури, наместо да промовира културно разбирање и толеранција кон разликите и различностите.

Како резултат на ова, ученикот по завршувањето на училиштето ќе ја знае наизуст историјата на својата земја, тешко ќе може да издвои или укаже на некоја политичка појава или проблем во својата земја и веќе ќе има формирано мислење, иако погрешно, за припадниците на различните етнички групи и нивните припадници.

Наспроти основните носители на процесот на *политичка социјализација* (семејството, средината, друштвото), огромна улога има и училиштето извршувајќи ја својата функција како воспитна и образовна институција со помош на програмата и учебниците, кои се однапред направени според потребите и се важен фактор за

[1] Симоска, Најчевска, Габер, Изворите и факторите на меѓуетничката (не-)толеранција во процесите на образованието, стр.11, 2001 година

[2] Симоска, Најчевска, Габер, *Изворите и факторите на меѓуетничката (не)толеранција во процесите на образованието*, стр.31, 2001 година

пренесувањето на вредностите. Доколку училиштето не успее во остварувањето на функциите, тогаш ученииците своите импресии, мислењата за себе и за другите ги засноваат на претпоставки. Овие претпоставки може да бидат под влијание од негативните или позитивните верувања на оние кои им се или најблиски или највлијателни личности во нивниот живот, а тука спаѓаат: членовите на фамилијата, другарите или идолите, и истите претставуваат доволен фактор за појава на нетолеранција.

Во Р. Македонија, за жал, многу често образованието се користи како инструмент за манипулација од страна на политичките партии особено од оние кои се битни за развивање на добри/лоши меѓуетнички односи, а многу ретко се вреднува неговата улога во процесот на зајакнување на меѓуетничките односи. Со оглед на фактот што во Македонија социо-економските услови се на ниско ниво, очигледно е дека политиката владее преку политичките блокови, кои се почесто се инфилтрираат меѓу младата популација, односно учениците кои, пак, како резултат се потешко ги толерираат оние кои се различни од нив или оние кои им наштетиле. Односите меѓу учениците Македонци и учениците Албанци како односи меѓу доминантна етничка група и малцинска етничка група во училиштата со мешан етнички состав се постојан извор на меѓуетничка нетолеранција. Нетолеранцијата ќе ги раздвои групите, создавајќи чувство на перманентна поделба меѓу нив и појава на нетрпеливост и/или омраза. Во такви случаи може да се јави дискриминација, дехуманизација и физички пресметки меѓу учениците.

Според тоа, може да се забележи **големото влијание на дневната политика** врз ставовите и аспирациите на учениците од средните училишта, што самите ученици јасно говорат дека треба да се поделат училиштата, работните смени, јазикот на наставата, како и наставните содржини во зависност од бројот на учениците кои се од различна етничка припадност и учат во тие училишта. Оттука произлегува и неможноста на надлежните институции во воспитно образовниот сектор да се направи обид за градење, зајакнување и сочувување на заедништвото меѓу учениците од различните етнички групи кои учат во средните училишта со мешан етнички состав.

И самите директори се свесни за лошата состојба во нивните училишта, а причините ги гледаат во политичките игри. Тие претпоставуваат дека „некој децата ги користи за политички цели". [3]

Очигледно, политиката повеќе ја поттикнува оддалече-

[3] *Време*, Март, 2009

носта меѓу етничките различни ученици, отколку што влијае на нивното зближување. Многу често припадниците на другите политички групи/партии, кои најчесто се формираат меѓудругото и на етничка основа, се доживуваат како непријателски, неперспективни и самите ученици многу тешко се снаоѓаат во сложените односи кои се поставуваат пред нив. Оттука, слабата комуникација меѓу учениците од различна политичка т.е. етничка припадност ги поттикнува негативните емоции кои во краен случај можат да се развијат во агресивност која може да доведе до физичка пресметка.

Следна причина кој ја зголемува меѓуетничката нетолеранција се **предрасудите**. Предрасудата е една од најважните причини врз основа на која се создава меѓуетничката нетрпеливост која многу често резултира со насилство.

Постојат повеќе дефиниции за предрасудите коишто ги појаснуваат на повеќе различни начини и гледишта. Руперт Браун дава едноставна дефиниција според која: „предрасудата претставува негативен став, емоција или однесување спрема членовите на групата на сметка на нивното членство во таа група." [4]

Предрасудите кои ги имаат учениците за одредена етничка група најчесто претставуваат последица на нивниот однос спрема различните карактеристики на одредената етничка група, или некој нејзин припадник, особено доколку карактеристиките се лесно воочливи, како на пример што е физичкиот изглед и/или однесувањето. Но, предрасудите може да се јават и како резултат на различните мислења, верувања и идеи кои се карактеристични за посебните етнички групи.

Неопходна компонента за подигнување на степенот на толеранцијата меѓу учениците е и **училишната атмосфера**. Под атмосфера во училиштето се подразбираат сите фактори и процеси кои влијаат на појавата, пренесувањето и засилувањето на меѓуетничката (не)толеранција меѓу учениците во рамките на училиштето. Тука спаѓа чувството на сигурност на ученикот во училиштето, пријатно чувство во рамките на училишната зграда, односот меѓу ученикот и соучениците како и односот наставник-ученик. Квалитетна училишна атмосфера претставува кога ученикот ќе развие чувство на припадност кон училиштето, ќе има услови за социјализација со врсниците, ќе биде прифатен и

[4] PREJUDICE its social psychology, Rupert Brown, BLACKWELL, Oxford UK & Canbridge USA 1995, стр. 14, цитирано во магистерската работа на проф. д-р Петар Атанасов, *Влијанието на социо-културните фактори на формулирањето на етничките предрасуди кај учениците од основно образование во Република Македонија*, стр.10, октомври 1999 година

уважен во училиштето и ќе има слобода на изразување. Сето тоа пак ќе влијае позитивно не само врз индивидуалниот успех на ученикот, туку и врз зголемувањето на интеракцијата меѓу учениците од различните етнички групи, односно степенот на толеранција.

Во училиштата со мешан етнички состав, каде учат ученици припадници на најмалку две различни етнички групи, националната, односно **религиската припадност** се одразува негативно на развивањето пријателски односи меѓу учениците а со тоа индиректно влијае на степенот на (не)толеранцијата. Учат заедно, во иста зграда, а не знаат речиси ништо едни за други. Влегуваат низ иста врата во училиштето, а не се поздравуваат. Во училишните дворови Македонците стојат на една страна, а нивните соученици- Албанци на другата. Ваквата слика се повторува секојдневно, со години, речиси во сите училишта во кои учат ученици со мешан етнички состав. Поради ова, сегрегацијата во училиштата, односно воведувањето на етнички смени се зема како многу битна причина за поттикнување на меѓуетничката нетолеранција меѓу учениците.

Искуствата од минатото не упатуваат на заклучок дека во мултиетнички и мултикултурни општества секогаш постои можност, а со тоа и опасност за појава на меѓуетничка нетолеранција која многу често може да резултира со конфликт.

Факт е дека во претходниот општествен систем во Република Македонија, мултиетничката средина не беше контролирана во целост со соодветни механизми и правни инструменти. Врз основа на тоа, нашето општество во секој смисол претставуваше плодно тло за појава на недоверба, сомнежи и конфликтни состојби кои најчесто резултираа со меѓуетничка нетолеранција. Таквата поставеност на проблемите во сферата на мултиетничкото живеење продолжија и во годините по осамостојувањето на Р. Македонија.

Тоа што го продлабочи јазот меѓу Македонците и Албанците беше усвојувањето на Уставот од 1991 година, за кој албанското малцинство сметаше дека овој акт им ги ускратува правата во делот на службената употреба на јазикот, образованието, културата, употребата на симболите итн. Според нив новиот Устав генерираше недоверба, недоразбирање и нетолеранција со опасност од појава на конфликт.

Како што поминуваше времето така се зацврстуваше убедувањето на граѓаните припадници на албанското малцинство дека со политички средства дефинитивно не може да се најде решение за нивните проблеми.

Од друга страна пак, обичниот македонски граѓанин почна да верува дека Албанците се нелојални граѓани кон земјата. Сето ова ги залади меѓуетничките односи и почнаа да владеат недовербата и нетолеранцијата меѓу луѓето од македонска и албанска етничка припадност што резултираше со конфликтна сосотојба во која Македонија се најде во 2001 година.

Денеска може јасно да се забележи дека Македонците и Албанците живеат во два посебни света, со зголемена нетолеранција и недоверба едни кон други. Истовремено, севкупната ситуација се рефлектира и врз младите генерации кои се подложни на директното влијание од се поизразената политизација на македонското општество како и од средината во која секојдневно живеат и комуницираат.

Сегрегацијата на учениците од различна етничка припадност во училиштата се јавува во услови кога политичарите од различни етнички заедници ја градат својата политичка кариера врз истакнувањето на сопствената етничка заедница; во услови кога постои *лажна желба* за градење на мултиетничко општество и во услови кога целото образование тоне заради лични интереси на поединци и приоритетите на власта во државата.

Реалната слика од секојдневието е дека учениците Македонци и учениците Албанци се повеќе сакаат да одат во училишта во кои ќе учат само на својот јазик. Во некои училишта во коишто тие порано заедно учеле, сега се изведува настава само за деца од една етничка група. Понатаму, наместо образовниот систем, претставен преку училиштето, односно учебниците, да промовира вредности кои се клучни за меѓуетничка толеранција, во спротивно наметува стереотипи, нетолеранција и негативни ставови кон која било етничка заедница и со тоа се поттикнува нивната натамошна поделба и разединување. Училиштата не треба да претставуваат фактор за појава на меѓуетнички тензии и образовниот систем во ниеден момент не смее да дозволи развивање на негативни вредности меѓу учениците од различна етничка припадност кои би довеле до појава не мултиетничка нетолеранција и физички пресметки.

Земајќи во предвид дека покрај семејството, образованието е еден од најбитните фактори за социјализација на учениците тоа, за жал, не успева да воспостави општествени вредности кои би придонеле за понатамошен правилен развој на меѓуетничкиот соживот.

Со оглед на тоа што формирањето на етнички хомогени училишта, таму каде постои етничка хетерогеност, очигледно не е

препорачлива за едно мултиетничко општество. Многу е важно да се лоцира дали постојат предрасуди и нетолеранција, зашто самото постоење на вакви ставови, дури и ако нема никаква подлога, може да предизвика сериозно нарушување или целосно губење на основните функции на образовниот процес во средните училишта со мешан етнички состав.

Политизацијата на македонското општество се јавува како резултат на големите општествени промени. Имајќи го во предвид овој факт можеме да заклучиме дека учениците немаат јасна претстава за реалната политичка состојба во Република Македонија.

Предрасудите може да нанесат огромна штета на образовниот процес во средните училишта. Покрај тоа што предрасудите можат да бидат главна причина за поделбата на учениците во самиот клас или во целото училиште, истите можат да бидат користени и за политички цели, како и за разгорување на меѓуетничката нетолеранција кои ќе доведат до физички пресметки.

Како општ заклучок, преовладува сознанието дека меѓуетничката нетолеранција помеѓу албанските и македонските ученици е директно поттикната од политизацијата на македонско-то општество која се јавува како резултат на големите општестве-ни промени; веќе постоечките предрасуди и културни разлики кои ги имаат учениците едни спрема други како и слабата комуника-ција меѓу родителите и нивните деца допринесува за се пониска социјална контрола која учениците најчесто ја манифестираат преку нетолеранција, физички и вербални пресметки во нивните средни училишта.

На крајот со сигурност можеме да потврдиме дека ситуацијата во средните училишта со мешан етнички состав воопшто не изгледа наивно, ситуацијата може да ескалира и да доведе до опасност од интензивирање на степенот на нетолеранција меѓу учениците. Посебно загрижувачки момент е дека децата остануваат потполно настрана од процесот на одлучување и немаат никакво влијание врз решенијата кои имаат долготрајно влијание врз нивната иднина.

Меѓутоа, прашањето останува: Дали меѓуетничката нетолеранција ќе биде иднината на Република Македонија и дали цената за таквата иднина ќе ја плаќаат учениците од средните училишта кои се жртви на политизацијата, несредените меѓуетнички односи кои доведуваат до секојдневни физички пресметки.

## SUMMARY

The motifs for researching the factors which influence the appearance of interethnic intolerance in Macedonia derive from the daily life i.e. the constant actualisation of interethnic intolerance by the media, especially because of the physical violence among the students who study in schools with mixed ethnicity in several cities in the country. The segregation based on ethnicity is noticed in students' wish to study in separate schools and by different curriculum.

The general conclusion from the research is that the inter ethnic intolerance between the Macedonian and the Albanian students, in one hand, is directly induced from the politisation of the Macedonian society which, on the other hand, is a result of the great social changes; then, the existing prejudices and cultural differences among the students as well as the low communication between the students and their parents. This fact contributes to low social control that students usually express through intolerance, physical and verbal disputes in their schools.


## ЛИТЕРАТУРА


Атанасов Петар, магистерски труд - Влијанието на социо-културните фактори на формулирањето на етничките предрасуди кај учениците од основно образование во Република Македонија, октомври 1999

Индекс на граѓанско општество
www.mcic.org.mk/WBStorage/Files/Civikus-Indeks na gragjanskoto opstestvo.pdf

Malesevic Sinisa, The sociology of Ethnicity, Sage Publications, 2004

Најчевска М., Симоска Е. и Габер Н. Студија: Извори на меѓуетничките тензии во Република Македонија, Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 1998

Национална програма за развој на образованието во Р. Македонија 2005/15

Симоска, Најчевска, Габер, Изворите и факторите на меѓуетничката (не)толеранција во процесите на образованието, 2001

Симоска, Е. Габер, Н. Бабунски К.- Политичката култура на граѓаните во Република Македонија, Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 2001

Ташева Марија, Социолошки теории, Св. Кирил и Методиј, Скопје, 1999

Ташева Марија, Етничките групи во Македонја, историски

контекст, Скопје: Филозофски факултет, 1997
Ташева М., Ѓуровска М., Петковска А. и Миноски К. – Етничките групи во Македонија: современи состојби, Скопје: Филозофски факултет, 1998
Blackwell Reader, Contemporary sociological theory, 2002
Brown Rupert, PREJUDICE its social psychology, BLACKWELL, Oxford UK & Cambridge USA, 1995
Cornell Stephen and Douglas Hartman, Ethnicity and race, Pine Forge Press, London, 1998
Encyclopedia, Social Science: Sociology & Social Reform, www.encarta.com/index/concise/0VOL11/01fcb000.asp
Horowitz, Ethnic groups in conflict. Berkeley: University of California Press, 1985
International Conference on Tolerance, California, 15. 02.2007
International Encyclopedia Of the Social Sciences, Collier- Macmillian Company, London, New York, 1972
Lynch J., Modgil C. & Modgil S. Cultural Diversity and the Schools, London: The Falmer Press, 1992
The American Heritage Dictionary, New York, Dell Publishing, 1994
Ury William, Getting To Peace
Vogt P.,Tolerance & Education: Learning to Live With Diversity and Difference, Thousand Oaks: CA, Sage Publications, Inc.1997
Wikipedia, the free encyclopedia, Tolerance / Intolerance, www.wikipedia.org
www.newbalkanpolitics.org.mk/OldSite/Issue_3/denko.macedonia.mac.asp